Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 09.12.2023

На 08.12.2023 во 12.30 и во 17.40 часот полициски службеници за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода Г.Ц.(36) и М.М.(35), двајцата од Кавадарци. При преглед кај Г.Ц., при излез од домот на М.М., била пронајдена кафеава прашкаста материја, а при претрес во домот на М.М., извршен со судска наредба, биле пронајдени кафеава прашкаста материја, екстази, бела грутчеста материја и предмети со остатоци од кафеава прашкаста материја. Во координација со јавен обвинител, предметите биле одземени, лицата се приведени во полициска станица и по документирање на настанот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 08.12.2023 во 11.40 часот и во 13.40 часот во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода А.З.(40) од с.Вруток, гостиварско и А.К.(42) од Скопје со престој во Гостивар, поради постоење основи на сомнение дека на 07.12.2023 извршиле тешка кражба во угостителски објект во Гостивар од каде одзеле метален сеф со пари. Со нив бил извршен службен разговор и по целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.12.2023 во 17.30 часот на Граничен премин „Долно Блаце", на влез во државата, при извршена гранична проверка на П.А.(30) од Р.Албанија, кој управувал патничко моторно возило „хјундаи туксон" со албански национални ознаки, било констатирано дека за возилото е распишана телеграма по барање на Интерпол. Тој бил приведен и заедно со одземеното возило биле предадени на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 08.12.2023 во 09.40 часот на место викано „Бабуна" во Велес, полициски службеници Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Велес го лишиле од слобода С.Ј.(28) од Велес, затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој е приведен во полициска станица, известен е јавен обвинител, и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.12.2023 во 23.30 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (08.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 345 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 173 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за користење мобилен телефон при возење, 27 мерки за некористење на сигурносен појас, шест санкции за управување под дејство на алкохол...

На 08.12.2023 во периодот од 08.00 до 14.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена зајакната контрола над возачи кои управуваат моторни возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 138 прекршувања на брзината, од кои 56 на подрачје на Струмица, 37 на подрачје на Радовиш, 28 на подрачје на Гевгелија и 20 на подрачје на Валандово. Од нив, 86 прекршувања на брзината биле констатирани надвор од населено место, а 52 во населено место. Двајца од санкционираните возачи се движеле со брзина над 50 км/ч поголема од дозволената. Во акцијата биле констатирани и 13 останати прекршоци. Сите прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 08.12.2023 во 14.50 часот било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар–с.Градец, кај с.Врапчиште, патничко возило „голф" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.М.(29) од с.Врапчиште, удрило во пешакот Н.П.(70) од с.Зубовце. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Н.П., констатирани во Општата болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар. Во врска со настанот, во 20.30 часот во с.Врапчиште, гостиварско, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода С.М.(44) и А.М.(40) од истото село, поради сомнение дека се обиделе да го прикријат возилото кое учествувало во сообраќајната несреќа. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.12.2023 во 17.40 часот во населбата Дреновец во Тетово, полициски службеници од Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija - Тетово го привеле С.Д.(62) од Р.Албанија. Тој се сомничи дека остварил илегален влез во државата и постапил спротивно на активната забрана за влез во Република Северна Македонија. Тој бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.12.2023 во 08.25 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.И.(51) од Скопје пријавила дека на ул.„Бојмија" била касната од куче скитник.

На 08.12.2023 во 19.15 часот во Полициската станица Карпош, Л.Г.(25) од Скопје пријавил дека на ул.„Трифун Пановски" бил каснат од куче скитник.

На 08.12.2023 во 12.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.С.М.(44) од Скопје пријавила дека во близина на реката Вардар била касната од куче скитник.

На 08.12.2023 во 17.00 часот во СВР Охрид лишен од слобода е К.М.(40) од охридското село Пештани. Тој претходно, во атарот на истото село, бил затекнат при вршење кривично дело „незаконит риболов", а при претрес во неговиот дом, извршен по добиена судска наредба, пронајдени се и одземени 45 парчиња риба белвица, рибарски мрежи и друг риболовен алат. За настанот известен е јавен обвинител и по целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.12.2023 во 02.55 часот, во угостителски објект на булеварот „Железничка" во Охрид, приведен е А.Т.(33) од охридското село Пештани. Тој е затекнат при употреба на кокаин, а при извршен преглед кај него се пронајдени и одземени предмети со остатоци од кокаин. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
Денеска (09.12.2023) во 00.10 часот во СВР Битола, Ј.Т.(29) од Битола пријавил дека на ул.„Даме Груев" бил физички нападнат од Д.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 08.12.2023 во 19.40 часот, на улицата „Партизанска" во Струга, лишен е од слобода Ќ.А.(27) од струшкото село Калишта. При извршен преглед, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа растителна материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 08.12.2023 во 12.20 часот на подрачјето на Бит Пазар полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го лишиле од слобода А.С.(47) од Скопје, поради тоа што во домот упатувал закани кон неговите родители и физички го нападнал неговиот 72-годишен татко. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.
На 08.12.2023 година од 08.00 до 14.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 81 возач, коишто управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-20, Струга- 14, Кичево- 43, Дебар-04).
СВР Велес поднесе кривична пријава против Б.М.(34) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 17.08.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле стебла од растението канабис.
На 08.12.2023 во 02.30 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Е.А.(27) од Битола, поради тоа што на 07.12.2023 во казино во Битола со остар предмет го повредил Р.К.(27) од Битола. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 08.12.2023 во 22.20 часот во Полициската станица Драчево, К.Ф.(61) од Скопје пријавил дека на ул. „Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.
СВР Битола поднесе кривична пријава против И.К.(22) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 10.12.2022 на паркингот во новиот пазар во Битола, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.
Денеска (09.12.2023) во 04.30 часот во Полициската станица Карпош, Д.М.(53) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка Т.М.(22) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.
На 09.12.2023 во 04.45 часот, во ОВР Кичево е пријавено дека во куќа во Кичево, сопственост на Т.Ј.(79) од Кичево, настанал пожар. При интервенција на Територијалната противпожарна единица, бил пронајден починат сопственикот на куќата. Смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош, а увид извршила увидна екипа од ОВР Кичево.
ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против М.Г.(19) и А.М.(25), двајцата од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 14.10.2022, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „пежо", во кое бил А.М. со уште две лица, при што била пронајдена и одземена марихуана, а од земени примероци кај другите две лица било потврдено присуство на метаболити.

Денеска (09.12.2023) во 04.35 часот во СВР Скопје А.С.(41) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром било опожарено неговото патничко возило „форд фиеста" со скопски регистарски ознаки. Од пожарот биле зафатени и уште две возила со скопски регистарски ознаки, и тоа „форд" сопственост на Г.М.(42) и „ауди" сопственост на Т.К.(49), двајцата од Скопје. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на настанот.
СВР Скопје – Единица за недозволена трговија поднесе кривична пријава против Д.З.(30), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 02.03.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во с.Ново Село, скопско, при што биле пронајдени и одземени две пушки, оптички нишан и 36 куршуми различен калибар.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет